Deloitte.

Mit. Teodosij Gologanov 28 II/19
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 23 11 13 00
Fax: +389 23 11 95 44
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloittece.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО УПРАВНИОТ ОДБОР И ОСНОВАЧИТЕ НА ШТЕДИЛНИЦА ФУЛМ Д.О.О., СКОПЈЕ**

Извршивме ревизија на билансот на состојба на Штедилница ФУЛМ д.о.о., Скопје (во понатамошниот текст "Штедилницата") на 31 декември 2005 година, како и на соодветниот биланс на успех, извештајот за промените на сопственичката главнина и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува. Овие финансиски извештаи се одговорност на раководството на Штедилницата. Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Финансиските извештаи на Штедилницата на 31 декември 2004 година се ревидирани од страна на друг ревизор чиј извештај издаден на 23 февруари 2005 година искажува неквалификувано мислење за тие извештаи.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија, прописите за начинот на вршење на ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека во финансиските извештаи нема погрешни прикажувања кои би можеле да имаат значајно влијание. Ревизијата вклучува проверка, преку тестирање на изворната документација врз основа на која се евидентирани износите во финансиските извештаи. Ревизијата исто така вклучува вреднување на применетите сметководствени принципи и значајни проценки од страна на раководството, како и проценка на севкупната презентација на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизијата што ја извршивме ни обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи, ја прикажуваат реално, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Штедилницата на 31 декември 2005 година, како и резултатите од работењето, промените во сопственичката главнина и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Македонија и сметководствените политики обелоденети во белешката 2 кон финансиските извештаи.

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје

Билјана Настеска
Овластен ревизор

Скопје
14 февруари 2006